Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (“Службен весник на Република Македонија„ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 42/16, 99/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија„ број 89/22 и 171/22), градоначалникот на Општина Ресен, на ден 08.05.2026 година, донесе

# Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **План за управување со паркот на природата Езерани** кој го донесува Општина Ресен потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ се определуваат следните: Општина Ресен, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Министерство за економија, МЗШВ, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, Јавно комунално претпријатие “Пролетер„ – Ресен, ЈП Водостопанство, Водо – кориснички задруги, Земјоделските здруженија, турстичките агенции, ЈП Национални шуми – подрачна единица “Преспа дрво„ – Ресен, ЈУ Национален парк "Пелистер„ – Битола, ЈУ Национален парк "Галичица„ – Охрид, научни институтции, ГО-и, НВО-и, месното население и други засегнати страни.

3. За планскиот документ **План за управување со паркот на природата Езерани,** за чија изработка е одговорено Друштво за промет и консалтинг **ФАРМАХЕМ ДООЕЛ – Скопје,** а го донесува **Општина Ресен,** донесувањето на планскиот документ **План за управување со паркот на природата Езерани** ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: здравје на населението и социоекономски развој, биодиверзитет, заштита и управување со емисиите во воздух, вода, почва, управување со емисии од бучава, вибрации, отпад, заштита и унапредување на пејзажот, заштита на природно наследство, развој на туризмот, материјални добра, управување со несреќи, пожари, поплави и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Ресен на следната веб адреса/и**: www.resen.gov.mk**

Бр.09-1448/2
08.05.2026 година
Општина Ресен

Градоначалник на Општина Ресен
Јован Тозиевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР. 09-1448/3
08.05.2026 ГОД
РЕСЕН

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | План за управување со Парк на природата Езерани |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Друштво за промет и консалтинг ФАРМАХЕМ ДООЕЛ - Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Ресен |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Катерина Атанасовска |
| Назив на работното место | **Раководител на тимот**<br>Општи информации, Препорака на основни цели за идното управување, Постоечки активности за управување |
| Контакт податоци за лицето | Улица Кичевска 1, П.О. Бох 39<br>1060 Скопје<br>Е-маил: katerina.atanasovska@farmahem.mk<br>Број на тел. 071/ 39 39 03 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |

Локалитетот „Езерани" на Преспанското Езеро заради разновидноста и богатството со растителни и животински видови и заедници, хидробиолошките карактеристики и хидролошки вредности, како и другите научни вредности, се прогласува за Парк на природата.

Северниот крајбрежен дел на Преспансото Езеро заедно со дел од блатните екосистеми во непосредна близина на брегот (вообичаено скратено нарекуван Езерани, според селото чиј атар зазема голем дел од подрачјето) е значајно подрачје во национални рамки, но исто така и во европски и светски контекст. Како дел од Преспанското Езеро, подрачјето е вклучено на листата на значајни орнитолошки локалитети (ЗПП – Значајни подрачја за птици), потоа на листата на значајни растителни подрачја (ЗРП), како и на рамсарската листа на најзначајни водни станишта во светот. Езерани е прогласено за Рамсарско подрачје (во склоп на Преспанското Езеро) во 1995 година (3МК001) и претставува прво Рамсар подрачје во Македонија.

Планот за управување (ПУ) го опфаќа ПП Езерани во изменетите граници, предложени од споменатата студија и категоријата "Парк на природа„ (IV Категорија според IUCN категоризацијата на заштитени подрачја), односно во границите и категоријата установени со Законот за прогласување на локалитетот Езерани на Преспанското Езеро за Парк на природата ("Службен весник на Република Македонија„ број 24/12 од 17.02.2012). Во понатамошниот текст "ПП Езерани„ се однесува на Паркот на природата Езерани.

Вкупната површина на Паркот на природата „Езерани" изнесува 1,917 ха од која 1,066 ха се на копно, додека 851 ха се во водите на Преспанското Езеро.

Изработката на Планот за управување со ПП Езерани е обврска која произлегува од Законот за заштита на природата "Службен весник на Република Македонија„ број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија„ број 151/21).

Согласно Законот за прогласување на локалитетот „Езерани" на Преспанско Езеро за Парк на природата ("Службен Весник на Република Македонија„ број 24 од 17.02.2012 година) член 5 со ПП Езерени управува Општина Ресен , а во име на Општина Ресен управува градоначалникот на општината.

| |
|---|
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| ДА ☒ се донесува нов План за управување со ПП Езерани<br>НЕ ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| / |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| **Да**, користење на водна површина и копнена површина/земјиштето |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** |

| **Да** ☒<br>**Не** ☐ | **Член:** 3 | **Точка** 18 | **Алинеја:/** |
|---|---|---|---|

| |
|---|
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| **Не** |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| **Не** |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**<br>Општината Ресен е задолжена за управување со паркот на природата Езерани (ПП Езерани). За таа цел, општината треба да изготви сеопфатен План за управување со заштитеното подралје за постигнување на долгорочната визија и главната цел на управување и истиот да го достави до државните органи заради добивање согласност. Планот за управување детално ги определува прашањата на управување заедно со мерките и активности кои треба да се спроведат во текот на 5-годишен плански период. Планот мора да ги содржи основните информации за областа/просторот кој ќе се заштитува, насоките за заштита и насоките за негова одржлива употреба, вклучувајќи ги особено интересите на локалната заедница.<br>Со цел предвидените активности во планскиот опфат да се одвиваат непречено, а од друга страна да се даде посебен осврт на заштита на животната средина се ***донесува одлука за спроведување на стратегиска оцена*** на животната средина. |
| **Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Управување со заштитено подрачје – Парк на природата (IV категорија) |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 10 години (2026-2036) |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| По истекот на десетте години |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).** |

ПП „Езерани“ е лоциран на северниот крајбрежен појас на Преспанското Езеро, во југозападниот дел на државата, во пределот на Горна Преспа. Се протега долж северниот брег на Преспанското Езеро, на надморска височина од околу 850 до приближно 855 m.

Границата на ПП „Езерани“, утврдена со Законот за прогласување на локалитетот „Езерани“ на Преспанското Езеро за ПП, започнува кај месноста Прекоп, северозападно од селото Асамати, кај котата од 848 m. Оттаму продолжува кон северозапад по подобар колски пат во должина од околу 500 метри, по што го напушта и се насочува кон исток, следејќи го работ на бедемот на стариот рибник во должина од околу 400 метри. Потоа границата свртува и се движи кон север и северозапад по работ на стариот рибник сè до кота 854 m. Од оваа точка границата се насочува кон североисток, излегува на лош колски пат и продолжува по него кон север во должина од околу 750 метри. Потоа нагло свртува кон запад и се протега кон југозапад по работ на коријата до месноста Старо Село, под манастирот Св. Иван. Оттука границата продолжува кон запад долж појасот со трска над месноста Лолици, при што пресекува лош колски пат и повторно излегува на друг лош колски пат по кој се движи кон север во должина од околу 250 метри.

По ова следува остро свртување кон запад, при што границата се движи по лош колски пат во должина од околу 400 метри до тригонометриската точка од 851 m. Тука повторно остро свртува и продолжува кон југ во должина од околу 300 метри, по што повторно се насочува кон запад и се протега низ појасот со трска над заблатената површина кај месноста Солејица. На ова место се пресекува подобар колски пат кој завршува во блатото, по што границата продолжува кон запад, пресекува уште два лоши колски патишта и се движи по работ на мочурливата површина над месноста Солејнца сè до тригонометриската точка од 852 m. Од тука границата нагло се свртува кон југ, насочувајќи се кон брегот на Преспанското Езеро, при што поминува низ котата од 846 m. Во продолжение, границата се движи низ водите на Преспанското Езеро до длабочина од околу 10 m, по што свртува кон југозапад и се протега по линијата што ја означува истата длабочина. Потоа, во североисточен правец повторно излегува на брегот на Преспанското Езеро, каде што се затвора кругот на границата и завршува на почетната точка кај месноста Прекоп.

Во рамките на овие утврдени граници, резерватот зафаќа вкупна површина од 1917 ha, од кои:

- Копнена површина: 1.066 хектари
- Водена површина: 851 хектар (дел од акваторијата на Преспанското Езеро).

Административно, целата површина на заштитеното подрачје влегува во рамките на границите на Општина Ресен.




Местоположба на ПП ,,Езерани"

| |
|---|
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| **Да☒**<br>Не☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| **Да ☒**<br>Не ☐<br>**Цели што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ**<br><br>Основните, националните и меѓународните вредности кои треба да се зачуваат од една страна и правото на развој на локалната заедница од друга страна укажуваат на потребата за обединување на двете долгорочни задачи во една единствена визија. При тоа, нагласувањето во зачувување на постоечките вредности треба да биде на оние компоненти кои имаат влијание од човекот, всушност на оние компоненти кои можат да се контролираат, како што се: вода, почва, пејзаж и сл. Што се однесува до развојот на локалната заедница, треба да се фокусира на зголемување на вредноста кои се добиени од традиционалните активности (риболов, лов, земјоделство, шумарство), како и активностите кои се комплементарни на нивната заштита и истите ги користат вредностите на паркот на природата на еден одржлив начин (туризам, рекреација, образование, научно истражување и сл.).<br>***Визија на управување и заштита на ПП Езерани – "Во 2035 година Паркот на природата Езерани е подрачје со препознаени, обновени, зачувани и промовирани природни вредности и подобрена отпорност кон климатските промени, со зајакнати капацитети за ефикасно управување и функционални механизми за обезбедување на рамноправен социоекономски бенифит на локалното население преку различни форми на одржливо користење на природните ресурси„.***<br>Целта на оваа визија е да им укаже на сите заинтересирани страни на причините и на начинот на кој треба да се спроведе заштитата на ПП Езерани. Визијата е основа за изработка на понатамошни одлуки, и сите активности во управувањето кои се поврзани со оваа област, да бидат координирани со наведената визија.<br>Во согласност со визијата за зачувување и заштита на ПП Е зерани главната цел на оваа област ќе биде како што следува:<br>**Да се заштити биодиверзитетот и природните вредности кои се од национален и европски интерес истовремено земајќи ги предвид и потребите на локалните заедници.**<br>Постигнување на долгорочна визија и главната цел на управување на секое заштитено подрачје е дизајниран во рамките на т.н.. План за управување со заштитеното подрачје. Планот за управување е наменет за наоѓање начини на управување со ваквиот вид на простор, кој ќе се постигне преку давање на јасни насоки на идните менаџери, кои ќе утврдат што, како, по кој распоред и под кои услови/рокови, како и со чија помош/на кои ресурси (човечки, финансиски) ќе се дојде до реализација на главната цел и визија за неговата заштита.<br>Планот за управување е еден од основните документи за управување на секоја заштитено подрачје. Со добро дефинирана визија треба да обезбеди долгорочна заштита на овие области преку имплементација на акционите планови за период од 10 години. Планот за управување мора да ги содржи основните информации за областа/просторот кој ќе се заштитува, насоките за заштита и насоките за негова одржлива употреба, вклучувајќи ги особено интересите на локалната заедница. |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето). |

Имплементација на **ПУ со ПП Езерани** всушност претставува начин за намалување на влијанијата кои потекнуваат од различните активности (нејчесто антропогени) на ова подрачје, а имаат негативно влијание врз природните карактеристики на истото. Самото подрачје ПП Езерани (со приближна површина од 1.917 *ha*) е класифицирано како Парк на природата (IUCN категорија IV) согласно Законот за заштита на природата од 2004 година (член 79, параграф 1) и 2)). Ваквото прогласување се должи на фактот што тоа е подрачје кое поседува еден или повеќе изворни, ретки и карактеристични компоненти на природата кој поддржува засегнати видови како што се ридската желка, *Testudo hermanni,*во категоријата на „ранлив вид", преспанската пастрмка (*Salmo trutta peristericus*), во категоријата на „критично загрозен вид", преспанската мрена (*Barbus prespensis*), во категоријата на „ранлив вид" и кадроглавиот пеликан (*Pelecanus crispus*). ПП Езерани претставува многу значаен дел од сите заштитени подрачја во Република Северна Македонија од категорија IV на IUCN, паркови на природата.

При изготвувањето на Извештајот за СОЖС треба да се даде посебен осврт при оцена на влијанијата врз медиумите од животната средина и здравјето на населението од предвидените содржини и да се предложат мерки за намалување или избегнување на истите.

Можните влијанија се разгледуваат низ прашањата и одговорите, кои следуваат.

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Доколку не се имплементира планот, тогаш:<br>- Квалитетот на површинските води е под значително влијание на одредени површински извори на загадување, поради кои значително се надминати референтните услови на добра состојба на водата од езерото (забрзана еутрофикација) преку зголемени концентрации на нутриентите, тешки метали и приоритетни супстанции како што се пестицидите,<br>- Квалитетот на подземните води е исто така под влијание на површинските извори на загадување. Поради тоа имаме зголемени концентрации на пестициди (како резултат на земјоделието) и бактерии (како последица на нерегулирано одведување на комуналните отпадни води),<br>- Квантитативна состојба на површинските и подземните води е под значително влијание на потрошувачката на вода за наводнување, што резултира со намален доток на вода во Преспанското Езеро и поради тоа во последните 30 - 40 години значително е намалено просечнато ниво на водата во езерото и подземните води,<br>- Зголемувањето на влијанието на екстремните појави (суши, ерозија, поплави) на експлоатираните региони, се должи на намалувањето на површините засадени под шуми и деградација/пренамена на земјиштето,<br>- Квантитативно сиромашниот статус на површинските и подземните води и лошата состојба на квалитетот на површинските води влијае на екосистемите кои се зависни од вода, преку исчезнување или намалување на бројот на чувствителни видови и живеалиштата, а преку синџирите на исхрана може да се случи и исчезнување на цели екосистеми,<br>- Исчезнувањето на одредени видови и екосистеми може да доведе до внесување на голем број на инвазивни видови, а со тоа и формирање на нови екосистеми.<br>- Можните последици од климатските промени може да бидат закана во форма на забрзано намалување на притоките-приливот на свежа вода, а со тоа и намалување на нивото на водата во езерото, како и нивото на подземните води,<br>- Зголемете климатски екстремни услови може дополнително да ја влошат целокупната закана за водниот екосистем како и заштита на екосистемите кои се зависни од вода,<br>- Економските,и политичките закани може да го намалат интересот кај локалното население за заштита на природата, како и адаптацијата кон новите услови на управување. |

| | |
|---|---|
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Се предвидува дека планскиот опфат нема да предизвика значителни нарушување на квалитетот на медиумите од животната средина и здравјето на населението, како резултат на намената на просторот и идната примена на мерки за намалување или избегнување на влијанијата. Меѓутоа, при проценка на можните кумулативни влијанија треба да се земе во предвид сите активности кои се во склоп на ПП Езерани. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Во рамките на ПП Езеран не се иможни прекугранични влијанија, но целиот процес ќе се спроведе согласно насоките од Законот за животна средина и Законот за заштита на природата. Истите се проценуваат за незначителни по својот карактер. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Не се очекуваат опасности од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина како резултат на несреќи и хаварии единствено од природни катастрофи. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Границата на ПП „Езерани", утврдена со Законот за прогласување на локалитетот „Езерани" на Преспанското Езеро за ПП, започнува кај месноста Прекоп, северозападно од селото Асамати, кај котата од 848 m. Оттаму продолжува кон северозапад по подобар колски пат во должина од околу 500 метри, по што го напушта и се насочува кон исток, следејќи го работ на бедемот на стариот рибник во должина од околу 400 метри. Потоа границата свртува и се движи кон север и северозапад по работ на стариот рибник сè до кота 854 m. Од оваа точка границата се насочува кон североисток, излегува на лош колски пат и продолжува по него кон север во должина од околу 750 метри. Потоа нагло свртува кон запад и се протега кон југозапад по работ на коријата до месноста Старо Село, под манастирот Св. Иван. Оттука границата продолжува кон запад долж појасот со трска над месноста Лолици, при што пресекува лош колски пат и повторно излегува на друг лош колски пат по кој се движи кон север во должина од околу 250 метри.<br>По ова следува остро свртување кон запад, при што границата се движи по лош колски пат во должина од околу 400 метри до тригонометриската точка од 851 m. Тука повторно остро свртува и продолжува кон југ во должина од околу 300 метри, по што повторно се насочува кон запад и се протега низ појасот со трска над заблатената површина кај месноста Солејица. На ова место се пресекува подобар колски пат кој завршува во блатото, по што границата продолжува кон запад, пресекува уште два лоши колски патишта и се движи по работ на мочурливата површина над месноста Солејнца сè до тригонометриската точка од 852 m. Од тука границата нагло се свртува кон југ, насочувајќи се кон брегот на Преспанското Езеро, при што поминува низ котата од 846 m. Во продолжение, границата се движи низ водите на Преспанското Езеро до длабочина од околу 10 m, по што свртува кон југозапад и се протега по линијата што ја означува истата длабочина. Потоа, во североисточен правец повторно излегува на брегот на Преспанското Езеро, каде што се затвора кругот на границата и завршува на почетната точка кај месноста Прекоп.<br>Во рамките на овие утврдени граници, подрачјето зафаќа вкупна површина од 1917 ha, од кои:<br>• Копнена површина: 1.066 хектари<br>• Водена површина: 851 хектар (дел од акваторијата на Преспанското Езеро). |

| |
|---|
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** |
| Очигледно е дека ПП Е зерани е многу значајно за државата во поглед на уделот на неговиот придонес и природната вредност на заштитените подрачја во Македонија. Еднакво важно е и на европско ниво. ПП Езерани како дел од Преспанското Езеро веројатно ќе биде прогласено и за SIC и како SPA доколку Република С. Македонија постане членка на ЕУ поради бројот и значењето на видови птици од Прилог I (според Директивата за птици) кои се наоѓаат на езерото, заедно со видовите од Прилог I и Прилог IV (според Директивата за живеалишта) кои се наоѓаат во езерото. На глобално ниво, во Преспанскиот регион се наоѓаат неколку ретки и засегнати видови, пред се *Pelecanus crispus*, при што 10% од глобалната гнездова популација е присутна тука. Исто така, тоа се смета за водно живеалиште од меѓународно значење и е прогласено за Рамсарско подрачје, Емералд подрачје но исто така и како важно подрачје за птици, ЗРП и пилот подрачје Натура 2000.<br>Со помош на имплементација на планот би немало влошување на здравствената состојба на населението (преку влошувањето на квалитетот на водата за пиење, влошување на условите за живеење кое се должи на честите штети и се поголемите ризици), како и влошување на економските услови (загуба на изворот на приходи поради исчезнување на природните ресурси, чести економски загуби поради промени на условите во областа). |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br><br>Предвидените активности во планскиот опфат се очекува да бидат контролирани, а исто така сите можни влијанија/емисии да бидат сведени во границите на максимално дозволени концентрации дефинирани во согласнот со националното законодавство со што ќе се избегнат потенцијалните влијанија врз животната средина. |

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Евидентирано природно наследство се работи за заштитено подрачје од IV категорија |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански сорджини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Земјиштето се користи за: управување со трска и влажните ливади, користење на вода, стопански дејности, рекреација и набљудување птици, собирање печурки, лековити и други растенија, плодови и сл. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја** | Предвидените плански содржини нема да имаат негативни влијанија врз пејзажот или други заштитени подрачја. |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** |

| |
|---|
| Управувањето и зонирањето се базирани на примарниот критериум кој се однесува на заштита на биолошката разновидност, особено еколошката состојба на живеалиштата и подршка на природните екосистемски процеси. Дополнително се овозможува воспоставување на просторни услови за воведување на одржливи и балансирани практики на искористување со природните вредности во согласност со екосистемскиот капацитет на услуги на подрачјето и интензивирање на одржливи форми на промоција и привлекување на посетители кои се базираат на одржливи форми на туризам.<br><br>Согласно Законот за заштита на природата (член 93), со актот за прогласување кој е спомнат во член 92, во заштитените подрачја се воспоставуваат следните зони:<br>1. Зона за строга заштита;<br>2. Зона за активно управување;<br>3. Зона за оддржливо користење; и<br>4. Заштитен појас.<br>Во склоп на овие зони дефинирани се соодветните активности кои се дозволени во секоја зона засебно. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br><br>Не се очекува предвидените активности да имаат негативно влијание на непосредната околина. Не се работи за изградба на посебен инфраструктурен објект, туку се предвидуваат активности кои имаат за цел намалување на влијанието врз животната и природната средина, со посебен аспект на биодиверзитетот, квалитетот на водите и сл. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој(да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).** |
| Интензификацијата на неодржливото земјоделство (антропогено влијание) е еден од факторите кои предизвикуваат зачестени осцилации на нивото на езерото во Големото Преспанско Езеро и негова еутрофикација – ПП Езерани е дел од самото езеро. Дополнително, напуштањето на традиционалните начини за земјоделско производство резултираше со серизни закани по биодиверзитетот особено во литоралните станишта. Некои од овие закани се: деградација и фрагментација на стаништата, конверзија на земјиштето, нарушување и намалување на популациите, изумирање на видови, нарушувања во биценозите и нарушување на рамнотежата и структурата на екосистемите. Сите закани се поврзани со човечки активности кои се однесуваат на земјоделството, комуналните дејности, ниската свест за биодиверзитетот, особено за значењето на појасот од трска, слаба имплементација на законите, напуштање на земјиштето и други.<br>Имплементацијата на овој плански документ ќе овозможи одржливо користење на ресурсите и намалување на влијанието врз биодиверзитетот, водите итн. |

| |
|---|
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**<br><br>Критериумот за долгорочна одржливост на системот на заштитата на ПП Езерани е најважен при утврдувањето на потенцијалните закани за зачувување на природните вредности на екосистемот. Во случајов долгорочната одржливост на екосистемот може да се постигне само со прилагодување на антропогеното влијание спрема отпорот на екосистемот-ПП Езерани. При тоа, треба да се имаат во предвид надворешните притисоци и ризици од неповолните промени кои не може да бидат под влијанието на локално ниво (на пример, климатските промени, глобалната политичка и економска криза, итн).<br>Според тоа заканите можеме да ги класифицираме во следните категории:<br>- закани од локално антропогено влијание,<br>- закани од кои ќе се намали отпорот на екосистемот на промените, и<br>- глобални закани/климатски промени.<br>Досегашните закани на просторот од ПП Езерани, до сега, најкомплетно се согледани во претходниот План за управување со подрачјето и со спроведената МЕТТ алатка во 2025 година, главно од аспект на заштита и подобрување на еколошката и хемиската состојба на површинските води како и на квантитативна и хемиска состојба на подземните води и заштитата на видовите и живеалиштатат, односно биодиверзитетот во подрачјето. Во иднина главната закана за напредување на еутрофикацијата на езерскит води, предизвикана воглавно од промените во квантитативна и квалитативна смисла. Заканите од аспект на заштита на природните вредности (видови и живеалишта), и од аспект на социјалните и економските односи се разгледувани само заради утврдување на потребните мерки поврзани со управувањето со водите и природните ресурси, но при тоа не се разгледувани како посебен проблем на интегрирано управување со целата област. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br><br>За планскиот опфат досега е изработен само нацрт план, но истиот е третиран во поставките на Просторниот план на Република Македонија кој беше донесен од Собранието во 2004 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2004), Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион беше донесен од Собранието на 11-ти февруари 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/2010), како и со сите релевантни плански документи на локално и национално ниво. |

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Препознавајќи ја важноста на заштитеното подрачје ПП Езерани и во согласност со Меѓународната конвенција за заштита на птиците (Париз), Законот за заштита на природни реткости („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 41/73), Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 45/77) и Законот за заштита на локалитетот „Езерани“ на Преспанското Езеро кој беше усвоен од Собранието на Република Македонија во 1996 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/1996) со кој Езерани се прогласува за строг природен резерват (IUCN категорија I). Тоа е речиси 16% од вкупната површина на строги природни резервати во Република Македонија. Меѓутоа, дополнително, поради посебните услови на заштита, Езерани во 2012 год.(„Службен весник на Р.М.“ бр. 24/12) го преименуваа во категорија парк на природата (IUCN во категорија IV). Согласно Студијата за ревалоризација (2009), заштитените подрачја се разликуваат според зонирањето во зависност од степенот на потребната заштита на природните живеалишта и растителни и животински видови и во зависност од потребите за користење на земјиштето од локалните заедници. Зонирањето е координирано со целите на заштитата кои се однесуваат на природните вредности кои се штитат. Зонирањето е поврзано со степенот на потребна заштита на природата и се движи од исклучување на секакво човеково влијание на предметното подрачје, до определување на користење на природно подрачје за различни човекови активности. Според тоа, зонирањето е основата за определување на управувањето како на заштитеното подрачје во целост, така и на негови одделни делови. Идниот План за управување со ПП Езерани во целост ќе ги следи препораките дадени во Студијата за ревалоризација.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Не е апликаивно за ваков вид на план

| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
|---|---|
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Градоначалник,**<br>Јован Тозиевски |
| **Датум:** 08.05.2026 година<br>**Место:** Ресен | **М.П.** |